**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# К О Н К У Р С

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ**
**НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА**

Битола, 2024 година

Врз основа на член 103 точка 2, во врска со членовите 127 и 149 точка 1 од Законот за високото образование, член 17 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии и врз основа на Одлуките на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола бр.14-230/5 од 27.02.2024, бр.14-551/4 од 30.04.2024 и бр. 14-816/19 од 12.07.2024 година и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во академската 2024/2025 година, бр. 14-5614/3 од 02.07.2024 година („Службен весник на РСМ“ бр. 142 од 09.11.2024 година), Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола објавува:

# К О Н К У Р С
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ
# НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА
# УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА
# ВО АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На високообразовните единици на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, во прва година на втор циклус студии во академската 2024/2025 година, ќе се запишат следниов број студенти:

| **УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА** | **број на студенти** | **износ за кофинансирање по семестар (ЕУР)** | **времетраење на студиите / број на семестри** |
|---|---|---|---|
| **СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ВТОР ЦИКЛУС УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ** | | | |
| | | | |
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА** | **130** | **500/600** | **едногодишни - два семестри** |
| Машинство | 30 | 500 | едногодишни - два семестри |
| Индустриско инженерство и менаџмент | 20 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Сообраќајно-транспортно инженерство<br>Модул: Патен сообраќај и транспорт | 30 | 600 | едногодишни – два семестри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Графичко инженерство и дизајн | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Електроенергетски системи и обновливи извори на енергија | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Инженерство за заштита на животната средина | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Инженерство за заштита на работна средина | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Мехатроника | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ – БИТОЛА** | **70** | **500** | **едногодишни – два семестри / двегодишни – четири семестри** |
| Информатички науки и комуникациско инженерство Модул: Сотфверско инженерство и апликации | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Информатички науки и комуникациско инженерство Модул: Пресметковно инженерство | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Информатички науки и комуникациско инженерство Модул: Информациски системи и управување со знаење | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Информатички науки и комуникациско инженерство Модул: Интелигентни инженерски системи | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Информатички науки и комуникациско инженерство Модул: Иновативни комуникациски технологии | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| ИТ менаџмент | 10 | 500 | едногодишни – два семестри |
| Информатика и компјутерска техника | 10 | 500 | двегодишни – четири семестри |
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – ВЕЛЕС** | **50** | **500/800** | **едногодишни – два семестри / двегодишни – четири семестри** |
| Нутриционизам | 20 | 800 | едногодишни – два семестри |
| Нутриционизам | 10 | 500 | двегодишни – четири семестри |
| Управување со квалитет и безбедност на храна | 20 | 500 | едногодишни – два семестри |
| | | | |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП** | **66** | **350/450** | **едногодишни – два семестри / двегодишни – четири семестри** |
| Сметководство и ревизија | 15 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Банкарски и финансиски менаџмент | 15 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Меѓународен бизнис | 6 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Е-бизнис | 6 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Маркетинг | 6 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Менаџмент | 6 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Е-трговија и дигитален маркетинг | 6 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Бизнис администрација и менаџмент | 6 | 350 | двегодишни-четири семестри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД** | **70** | **450/600** | **едногодишни - два семестри** |
| Менаџмент во туризам | 15 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Менаџмент во осигурување | 15 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Царина и шпедиција | 15 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Гастрономија и прехранбена технологија (заедничка студиска програма со Факултет за биотехнички науки – Битола) | 15 | 450 | едногодишни – два семестри |
| Царина и шпедиција (програма на англиски јазик) | 10 | 600 | едногодишни – два семестри |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **90** | **600** | **едногодишни - два семестри** |
| **Наставник по одделенска настава**<br>**Модули:**<br>Методика на одделенска настава – македонски јазик<br>Методика на одделенска настава – природа и природни науки<br>Методика на одделенска настава – општество и општествени науки<br>Методика на одделенска настава – ликовно образование<br>Методика на одделенска настава – физичко и здравствено образование<br>Методика на одделенска настава – математика<br>Методика на одделенска настава – музичко образование<br>Соработка со семејството и локалната заедница<br>Инклузивна практика во одделенската настава<br>Теорија на поучување<br>Професионален развој и професионална соработка<br>Интеркултурна практика во одделенската настава | 15 | 600 | едногодишни – два семестри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Воспитувач**<br>**Модули:**<br>Воспитувач со предметна специјалност македонски јазик<br>Воспитувач со предметна специјалност природа и природни науки<br>Воспитувач со предметна специјалност општество и општествени науки<br>Воспитувач со предметна специјалност ликовна култура<br>Воспитувач со предметна специјалност физичко и здравствено воспитание<br>Воспитувач со предметна специјалност математика<br>Воспитувач со предметна специјалност музичка култура<br>Соработка со семејството и локалната заедница<br>Инклузивна практика во предучилишните установи<br>Теории на поучување во предучилишните установи<br>Професионален развој и професионална соработка<br>Интеркултурна практика во предучилишните установи | 15 | 600 | едногодишни – два семестри |
| Македонски јазик и книжевност | 10 | 600 | едногодишни - два семестри |
| Англиски јазик и книжевност | 10 | 600 | едногодишни - два семестри |
| English Language and Literature | 10 | 600 | едногодишни - два семестри |
| Менаџмент во образованието | 10 | 600 | едногодишни - два семестри |
| Образование на надарени и талентирани | 10 | 600 | едногодишни - два семестри |
| Социјална педагогија | 10 | 600 | едногодишни - два семестри |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ** | **75** | **350/400**<br>**Странски државјани**<br>**800** | **едногодишни – два семестри / двегодишни – четири семестри** |
| Криминалистика | 20 | 400/800 | едногодишни – два семестри |
| Безбедност | 15 | 400/800 | едногодишни – два семестри |
| Криминологија и криминална политика | 5 | 400/800 | едногодишни – два семестри |
| Кризен менаџмент | 10 | 400/800 | едногодишни – два семестри |
| Безбедност | 5 | 350 | двегодишни – четири семестри |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО** | **90** | **400** | **едногодишни – два семестри** |
| Казнено право и криминологија – Кичево | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Казнено право и криминологија – Битола | 20 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Бизнис право – Кичево | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бизнис право – Битола | 20 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Административно право и администрација – Кичево | 5 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Административно право и администрација – Битола | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Човекови права и демократија – Кичево | 5 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Човекови права и демократија – Битола | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ – БИТОЛА** | **35** | **400/450** | **едногодишни – два семестри** |
| Зоотехника | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Квалитет и безбедност на храна | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Агроменаџмент | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Гастрономија и прехранбена технологија (заедничка студиска програма со Факултет за туризам и угостителство – Охрид) | 5 | 450 | едногодишни – два семестри |
| **НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН – ПРИЛЕП** | **15** | **350** | **едногодишни – два семестри** |
| Производство на тутун | 5 | 350 | едногодишни – два семестри |
| Обработка и преработка на тутун | 5 | 350 | едногодишни – два семестри |
| Агроменаџмент во тутунското стопанство | 5 | 350 | едногодишни – два семестри |
| **СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ВТОР ЦИКЛУС АКАДЕМСКИ СТУДИИ ОД ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** | | | |
| **ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА СТАРОСЛОВЕНСКА КУЛТУРА - ПРИЛЕП** | **10** | **625** | **едногодишни – два семестри** |
| Класична археологија | 10 | 625 | едногодишни – два семестри |
| **ВКУПНО (Академски студии)** | **701** | | |
| **СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТРУЧНИ СТУДИИ** | | | |
| | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ** | **15** | **250** | **едногодишни – два семестри** |
| Безбедност | 15 | 250 | едногодишни – два семестри |
| | | | |
| **ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА – БИТОЛА** | **100** | **400** | **едногодишни – два семестри** |
| Специјализација за интензивна нега | 20 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Специјализација за семејна и патронажна грижа | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Специјализација за онкологија | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Специјализација за ментално здравје | 5 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Специјализација за рехабилитација во хирургија, трауматологија и ортопедија | 5 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Специјализација за биохемиски анализи | 15 | 400 | едногодишни – два семестри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Специјализација за компјутеризирана томографија и магнетна резонанца* | 25 | 400 | едногодишни – два семестри |
| Специјализација за окупациона терапија* | 10 | 400 | едногодишни – два семестри |
| **ВКУПНО (Стручни студии)** | **115** | | |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ВКУПНО** | **816** | | |

* Во постапка на акредитација/реакредитација.

## II. Услови и критериуми за конкурирање и запишување

На постдипломските студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус, односно додипломски студии и ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии и овој Конкурс. Единиците утврдуваат кои додипломски студии се соодветни за упис на одделни студиски програми на постдипломските студии, како и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми.

На студиска програма од постдипломски студии која трае една година и со која се стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице кое завршило додипломски студии во траење од најмалку 4 години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити и ги исполнува условите од претходниот став.

На втор циклус академски студии во времетраење од две години (120 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од најмалку три години (180 европски кредити) и ги исполнува условите од ставот 1.

На втор циклус академски студии кои траат една или две години, можат да се пријават и запишат и кандидати со завршени најмалку четиригодишни универзитетски (додипломски) студии според студиски програми пред воведувањето на ЕКТС.

На втор циклус академски студии не може да се запише лице со завршен прв циклус стручни студии.

На втор циклус стручни студии (специјалистички студии) може да се запише лице кое завршило прв циклус стручни или академски студии со времетраење од најмалку три години (180 европски кредити).

Секоја единица или придружна членка на универзитетот утврдува кои студиски програми се соодветни, како и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми. Единицата или придружната членка на Универзитетот ги утврдува и дополнителните услови и критериуми за уписи го спроведува пријавувањето, рангирањето и запишувањето на кандидатите. Секоја единица или придружна членка на Универзитетот има обврска информацијата за соодветноста на студиските програми, како и дополнителните услови и критериуми за упис да ги објави заедно со објавувањето на Конкурсот на својата огласна табла и веб страна.

Доколку кандидатите не се примени на студиската програма на којашто конкурирале, тие можат во истиот уписен рок да се запишат на друга студиска програма на која има слободни места по нивен избор во рамките на истата високообразовна институција доколку студиската програма е утврдена во согласност со став 1 од оваа глава.

Износот на надоместокот за кофинансирање на студиите е изразен во евра по семестар, а се пресметува и плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на плаќањето.

Кандидатите за втор циклус студии плаќаат износ за школарина определен во овој Конкурс, а Единицата или придружната членка може да определи и износ за пријави за испити и вониспитни активности, за пријава, оценка и одбрана на магистерскиот труд, кој се внесува во договорот за студирање.

Сите други наставно-научни, правно-административни и финансиски аспекти поврзани со реализацијата на студиските програми од втор циклус се регулирани со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

## III. Спроведување на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии

Кандидатите се пријавуваат на објавениот Конкурс со пополнување образец што е подготвен од страна на единицата/те или придружната членка кадешто се организира студиската програма.

Образецот и документацијата предвидена со Конкурсот, кандидатите ја доставуваат до единицата или придружната членка на Универзитетот којашто ги организира соодветните студии на втор циклус, а странските студенти ги доставуваат до Ректоратот на Универзитетот.

Одлуката за прием и постапката за запишување на кандидатите во втор циклус студии ја спроведуваат совети за втор циклус студии на единиците или придружите членка на Универзитетот. За реализација на Конкурсот, советите за втор циклус студии формираат конкурсни комисии составени од три члена.

Ранг-листата на примените кандидати се објавува на огласната табла на единицата или придружната членка на Универзитетот, како и на интернет страницата на високо-образовната единица.

Кандидатот има право на приговор на објавената ранг-листа до Деканатската управа, односно Советот/Управата во рок од два работни дена од денот на објавувањето на резултатите.

Одлука по приговорот мора да се донесе во рок од три работни дена од поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.

Конкурсната комисија му поднесува на Советот за втор циклус студии и Наставно-научниот/Научниот/Наставничкиот совет на Единицата или придружната членка на Универзитетот конечен извештај за резултатите од запишувањето на студиските програми од втор циклус. Одлуката за прием на кандидатите ја носи Советот за втор циклус на Единицата или придружната членка на Универзитетот.

Високообразовната институција донесува одлука за минималниот број запишани студенти за определување на типот на наставата на студиската програма.

Високообразовната институција ќе спроведе претходна проверка на нивото на познавање на англискиот јазик за пријавените кандидати за студиските програми што ќе се реализираат на англиски јазик.

## IV. Рокови за пријавување и запишување

| | **Пријавување** | **Запишување** |
|---|---|---|
| **Прв уписен рок** | **24.09.2024-30.09.2024** | **07.10.2024-10.10.2024** |
| **Втор уписен рок** | **21.10.2024-01.11.2024** | **07.11.2024-08.11.2024** |

По потреба, Универзитетот ќе спроведе и дополнителен уписен рок.

## V. Документи за пријавување

**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат **треба да се регистрира на <u>www.upisi.uklo.edu.mk</u> и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот.** Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето.

**При пријавувањето** на соодветниот факултет или институт, кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- Пријава за упис на втор циклус студии
- Диплома или Уверение за завршени додипломски, односно прв циклус студии (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат нострифицирана странска Диплома) – оригинални документи или заверена фотокопија од истите
- Кратка биографија (CV)
- Уверение за државјанство

- Потврда за уплатени **300 денари** на жиро сметка на факултетот – високата школа за манипулативни трошоци
- Други документи по барање на единицата поврзани со условите за упис

**VI. Документи за запишување**

**При запишувањето, примените кандидати поднесуваат и:**

- Индекс и Пријавни листови
- 2 фотографии (3,5 x 4,5 на бела позадина)
- Потврда за уплатен износ за кофинансирање за првиот семестар

**Забелешка:**
Подетални информации за условите за запишување на секоја од понудените студиски програми и за содржината и начинот на реализирање на вториот циклус на студии, кандидатите може да добијат на веб страницата на Универзитетот или на веб страниците на соодветните високообразовни единици во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**www.uklo.edu.mk**